# ФОРУМСКА СЕСИЈА

"НАБАВКА НА ВОЗИЛО ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД СО КАПАЦИТЕТ ОД МИНИМУМ 10М3" Е ПРВОРАНГИРАНИОТ ПРОЕКТ НА ЧЕТВРТАТА И ЗАВРШНА ФОРУМСКА СЕСИЈА, ОД ПРОЕКТНИОТ ФОРУМСКИ ПРОЦЕС ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ", ФИНАНСИРАН ОД ШВАЈЦАРСКАТА БАНКА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, А ГО КОФИНАНСИРА И СПРОВЕДУВА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ (УНДП) ВО СОРАБОТКА СО НАЦИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ ПАРТНЕРИ.



ОПШТИНА КАРБИНЦИ УСПЕШНО ГО РЕАЛИЗИРАШЕ ЦЕЛИОТ ФОРУМСКИ ПРОЦЕС СО МНОЗИНСТВО ОД ПРИСУТНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЧЕТИРИТЕ ФОРУМСКИТЕ СЕСИИ, ГЛАВНАТА СУШТИНСКА ЦЕЛ БЕШЕ ДА СЕ РАЗВИЕ УЧЕСТВО НА ЖИТЕЛИТЕ И ВООПШТО ЈАВНОСТА, ДА ГО ПРЕПОЗНАЕ ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ, ВАЖНИ ЗА ЗАЕДНИЦАТА И АКТИВНО ДА УЧЕСТВУВА ВО НЕГО!





# ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА



ЗАВРШЕНИ СЕ ГРАДЕЖНИТЕ ИНФРАСТРУКТУРНИ АКТИВНОСТИ СО ТАМПОНИРАЊЕ И ПРИПРЕМА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА 6-ТЕ НАЈАВЕНИ УЛИЦИ ВО ОПШТИНА КАРБИНЦИ И ТОА 4 УЛИЦИ ВО С.КАРБИНЦИ, 1 ВО С.ТАРИНЦИ И 1 ВО С.НОВ КАРАОРМАН, КОИ ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ ДОБИЈАТ НОВ АСФАЛТ!









ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА ИНВЕСТИРАМЕ ВО ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА!

# ЈАВЕН ПРЕВОЗ во с.Аргулица и с.Козјак

ПО 20 ГОДИНИ, ЖИТЕЛИТЕ ОД С.КОЗЈАК И С.АРГУЛИЦА ЗА ПРВ ПАТ МОЖАТ ДА ГИ КОРИСТАТ УСЛУГИТЕ НА ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ!
ЕДНАКВО СЕ ГРИЖИМЕ ЗА СИТЕ ЖИТЕЛИ ОД НАШАТА ОПШТИНА ДА ИМААТ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ!

# СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА НАБАВКА НА ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ

ВТОРА ГОДИНА ПО РЕД, ОПШТИНА КАРБИНЦИ ЌЕ СУБВЕНЦИОНИРА ДОМАЌИНСТВА ЗА НАБАВКА И МОНТАЖА НА ВИСОКОЕФИКАСНИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ.
ЈАВНИОТ ПОВИК ЌЕ БИДЕ ОБЈАВЕН ОД 01.05.2024 И ЌЕ ТРАЕ ДО 31.08.2024 ГОДИНА, ПОВИКОТ ЌЕ ВАЖИ ЗА КЛИМА УРЕДИ КОИ ЌЕ БИДАТ НАБАВЕНИ ВО РАМКИТЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК!

ОПШТИНА КАРБИНЦИ ЌЕ ИМ НАДОМЕСТИ ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ НАПРАВЕНИ ПРИ НАБАВКА И МОНТАЖА НА ВИСОКОЕФИКАСНИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ ВО ВИСИНА ОД 30% ОД ВРЕДНОСТА НА ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДОТ, НО НЕ ПОВЕЌЕ ОД 20.000,00 ДЕНАРИ ПО БАРАТЕЛ, СО ВКЛУЧЕН ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД.

ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК ЌЕ ИМААТ СИТЕ ФИЗИЧКИ ЛИЦА – ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ.

## Богојавление - Водици

Традиционално се обележа празникот Богојавление- Водици на три локации во нашата општина, с.Карбинци, с.Долни Балван и с.Таринци.

Од срце им честитаме на Кире Велинов од Карбинци, Жарко Михајловски од Долни Балван и Филип Стоиловски од Таринци, кои први стигнаа до светиот крст и им посакувам многу здравје, среќа и бериќет.

Македонската традиција е жива и ќе продолжи и во иднина!
Нека е за многу години празникот Богојавление - Водици!



# Бадникова поворка

Оваа година за прв пат во нашата општина одекнаа детските гласови со стиховите: „Вечниот Бог слезе и во Дева се Всели!" и гласно ја наговестија веста за Христовото Рождество испраќајќи порака за мир, љубов и сочувство!






Ова се најрадосните деновите кога сите сме сплотени како народ, посакуваме да трае во текот на целата година!

**ОПШТИНА КАРБИНЦИ**
www.karbinci.gov.mk




**ГРАЃАНСКИ ИНФОРМАТОР**
Јануари 2024